Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1063
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

97

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за престанок на мандатот на членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом-Виница

1.Се објавува Решението за престанок на мандатот на членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Виница, донесено на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1064/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 42 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а по Барање број 03-401/1 од 16.12.2021 година, Наш број 09-974 од 16.12.2021 година, Советот на општина Виница на 4-та седница одржана одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

За престанок на мандатот на членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Виница

Член 1

На членовите на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом -Виница: Галина Довичинска од Виница и Ленка Павлова од Виница, именувани со Решение број 09 - 730 од 14.11.2017 година, им престанува функцијата, поради истек на мандатот.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1064
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом-Виница

1.Се објавува Решението за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Виница, донесено на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1065/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“), член 100 од Законот за здравствената заштита („Сл.весник на РМ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16“), и член 21 став 1 точка 42 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а по Барање број 03-401/1 од 16.12.2021 година, Наш број 09-974 од 16.12.2021 година, Советот на општина Виница на 4-та седница одржана одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

За именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Виница

Член 1

За членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Виница, се именуваат:

- Димитар Прокопенко од Виница
- Анета Ангеловска од Виница

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1065
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

99

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за формирање на Локален Совет за Превенција

1.Се објавува Решението за формирање на Локален Совет за Превенција, донесено на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1066/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 42 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а во врска со член 11 став 3 од Законот за полиција („Сл. весник на РМ број 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016, 21/2018, 21/2018 и 64/2018“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

За формирање на Локален Совет за Превенција

Член 1

Се формира Локален Совет за Превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на Полицијата.

Член 2

Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Виница, како и градење на доверба и партнерски односи со превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 3

Локалниот Совет за Превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации.

Член 4

Со Локалниот Совет за Превенција заседава Градоначалникот на Општина Виница Миле Петков.
Претставници во Советот од член 1 на ова Решение се:
1.Миле Петков- Градоначалник на Општина Виница
2.Љупчо Петров - Командир на Полициска Станица Виница
3.Борче Јанев - Јавен Обвинител во Основно Јавно Обвинителство Кочани
4.Ацо Ѓорѓиевски - Претседател на Советот на Општина Виница
5.Сашко Дончев - советник во Советот на Општина Виница
6.Дивна Анастасова - советник во Советот на Општина Виница
7.Ацо Митев - советник во Советот на Општина Виница
8.Венцо Вуинов - советник во Советот на Општина Виница
9. Даниела Христова - Пратеник во Собранието на Р.С.М
10.Кире Андреев - ЕЛС Виница
11.Вики Симова - ЕЛС Виница
12.Валентина Манчевска - ЕЛС Виница
13.Гоце Георгиев - ЕЛС Виница
14.Благица Ристова - ЕЛС Виница
15.Станко Спасов - Командир на ТППЕ Виница
16.Ѓорче Николов - В.Д. Директор на ЈКП „Солидарност“ - Виница

17.Горан Ангелов - Протоерej на Православна Црква Свети „Архангел Михаил“ - Виница
18.Усеин Дестанов - Оџа на „Сафер Баба Џамија“ - Виница
19.Ангелчо Гошев - Полициска Станица Виница
20.Горан Николов - Центар за јавно здравје - Виница
21.Дарко Стојков - Дирекција за заштита и спасување
22. Столе Спасовски - Центар за управување со кризи
23.Оливера Трајановска - ПЕ Министерство за Одбрана - Виница
24.Гоце Василев - ПЕ Министерство за Земјоделство и Шумарство
25.Тони Арсов - Центар за социјални работи - Виница
26.Соња Ѓорѓиева - Агенција за вработување - Виница
26.Рената Николовска - Хуманитарно здружение „Умиление“ - Виница
27. Кирил Цоневски - ОО на Црвен крст - Виница
28.Бојан Петков - ЈП Македонски Шуми Подружница „Плачковица“ - Виница
29.Тодор Цонев - Здружение на граѓани „ИНИ“ - Виница

Член 5

На досегашните членови им престанува функцијата членови на Локалниот Совет за Превенција поради истек на мандатот.

Член 6

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Виница“.

Број 09-1066
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

100

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи

1.Се објавува Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи, донесено на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1067/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 143 и 145 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ бр.36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011 , 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016, 83/2018, 82/2020 и 215/2021“) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на општина Виница („Службен гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

За формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи

Член 1

Се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи, во состав:
1.Кире Андреев - претседател
Васка Николова - заменик претседател
2.Александар Иванов – член
Мирко Ристов - заменик член
3.Благој Стаменков - член
Благица Ристова - заменик член

Член 2

Формираната комисија е должна да изврши процена и утврдување на видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и

вредносни показатели според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.
Освен утврдувањето на штетата според критериумите од став 1 на овој член, Комисијата го утврдува и извршува обемот и висината на осигурувањето според општите и посебните правила на осигурување кој се одбива од вкупно утврдената штета.

Член 3

Утврдувањето на висината на штетата започнува веднаш по настанување на непогодата и во рок од 60 дена од престанокот на непогодата комисијата од ставот 1 на овој член е должна да изготви извештај за утврдената штета и да го достават до комисијата што ја формира Владата.

Член 4

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1067
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

101

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година (Стручен Елаборат)

1.Се објавува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година (Стручен Елаборат), донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1068/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 14 став 2 и член 11 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл.весник на РМ број 66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/2014, 150/2015 и 37/2016“), член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2022 ГОДИНА (СТРУЧЕН ЕЛАБОРАТ)

Програмата се донесува согласно член 14, став 2 и чл.11 од Законот за заштита нанаселението од заразни болести („Сл.весник на Р.М. 66/2004, 139/2008, 99/2009,149/2014, 150/2015 и 37/2016“) и член 22 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.5/2002“). Целта на ова програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението од подрачјето на Општина Виница.
Со Програмата се утврдени активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки.
Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.
Општите мерки и активности ги организира и следи Локалната самоуправа, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУЦентар за јавно здравје - Кочани. /ПО-Виница.

За заштита на населението од заразни болести, во 2022 година ќе се спроведат следниве општи мерки:
1.Обезбедување на безбедна вода за пиење,
2.Обезбедување на исправна вода во Градскиот базен,
3.Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во објектите за производство и промет на храна,
4.Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи,
5.Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување,
6.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини,
7.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

I. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење.

Една од приоритетните задачи на Општина Виница е да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

1.1. Водоснабдување од Градскиот водовод - Виница

Согласно Одлуката за Комунален ред, организираното водоснабдување на гротo од населението во Општина Виница се врши преку Градскиот водовод - Виница.
За обезбедување на безбедна и достапна вода за пиење на населението што го користи Градскиот водовод во 2022 година ќе се спроведат следните активности за зголемување на капацитетот и подобрување на квалитетот и безбедноста на водата:

- проширување на таложникот кај зафатот на Градечка река-веке во завршна фаза;
- изградба на четврто филтерско поле во фабриката за преработка на суровата вода;
- таложење на водата од испирањето на филтрите и рециркулација на декантираната вода во водоснабдителниот систем;
- започнување на дел од делницата за поврзување на с. Лески на Градскиот водовод;
- сочувување на квалитетот и намалување на големите загуби на вода за пиење со замена на азбестнитецевки во мрежата со полиетиленски;
- продолжување со замената на старите улични вентили со нови;
- продолжување со поставувањето на нови електронски водомери со модул за далечинско читање;
- поставување на опремата на бушотина во паркот, за наводнување на зеленилото во паркот, базенот и игралиштето и градба на нови бушотини за техничка вода;
- поставување на мерачи на проток со електронско следење, како сегмент на СКАДА системот за навремено откривање на дефекти и нелегално користење на водата;
- редовен мониторинг на состојбата на водоводните објекти и здравствената исправност на водата и информирање на корисниците за квалитетот и безбедноста на водата;
- **изградба на пречистителна станица за вода во с.Трсино-изградена и пуштена во употреба**

Верификацијата на квалитетот и исправноста на водата за пиење од Градскиот водовод и информирањето на корисниците за квалитетот на водата ќе го спроведува територијално надлежниот Центар за јавно здравје.
Мониторингот ќе се спроведува еднаш неделно на 6 примероци вода, и тоа: по еден примерок сурова и пречистена вода и 4 примероци од водоводната мрежа.
Еднаш месечно ќе се испитува и водата од селскиот водовод во с. Јакимово, кој во летниот период ќе ја користи локалната бунарска вода.

1.2. Водоснабдување од други јавни водоснабдителни објекти

Редовната контрола на квалитетот на водата во ридско-планинските населби упатуваат дека не се обезбедуваат потребните количини на безбедна и достапна вода за пиење, а пред се на жителите во селата Трсино, Трстија и Крушево.
Ставањето на јавните водоснабдителни објекти во ридско-планинските села на управување од нестручни лица на месната заедница, која нема статус на правно лице е недозволено.
Легислативата поврзана со водоснабдувањето (Законот за вода и Законот за комунални дејности) пропишува со јавните водоснабдителни објекти да стопанисуваат јавни претпријатија или други правни лица.

Во наши услови, рационално и квалитетно решение е ЈПКД „Солидарност“ постепено да го превземе управувањето со јавното водоснабдување на територијата на целата општина, вклучувајќи го и с.Блатец.Поради недоволниот квалитет и повременото нарушување на безбедноста на водата од некои селски водоводи, во 2022 година ќе се работи на:

- изградба на филтер станици од отворен тип во селатаТрсино,Трстија и Крушево;
- поставување на дозир пумпи и фото-електрични панели за перманентно хлорирање на водата во резервоарите без приклучок на струја.
- испитување на исправноста на водата од сите јавни водоснабдителни објекти.

За обезбедување со вода за пиење на населението од населените места што не се поврзани на Градскиот водовод, како и за обезбедување на вода за пиење во вонредни услови, Општина Виница, во соработка со ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, четирипати годишно го следи квалитетот на водата од јавните селски водоводи на селата Градец, Лески, Трсино, Трстија, Драгобраште, Крушево, Пеклани, Лаки, Липец, Истибања, Калиманци и 2 маали во Кршла.

Информации за состојбата со водоснабдувањето и процена на ризик се проследуваат редовно до Советот на општината.

2. Контрола на квалитетот на водата од Градскиот базен

Градскиот базен користи вода за пиење која, поради загадувањето од капачите, дополнително се прочистува и хлорира.

За оценка на исправноста на водата од Градскиот базен за рекреација, во сезоната на употреба, еднаш неделно ќе се зема и испитува по еден примерок вода. Со резултатите ќе се доставува мислење за исправноста и евентуални мерки за подобрување. За овие испитувања ќе се потпише договор помеѓу Општина Виница, или концесионерот и ЈЗУ ЦЈЗ Кочани.

Резултатите од испитувањата и мислењето, во форма на годишна информација, ке бидат разгледани од Советот на општината.

3.Обезбедување на хигиенски услови во производство и промет на храна.

Во согласност со Законот за безбедност на храната. („Слвесник на РМ бр. 157/2010)., ЈЗУ ЦЈЗ Кочани ќе спроведува:

- консултантски услуги за воспоставување и примена на ХАЦЦ систем за контрола на безбедноста на храната;
- здравствени прегледи на вработените лица што работат со храна;
- едукација на вработените за хигиена на храната и заштита на животната средина;
- превентивни ДДД мерки;
- лабораториски испитувања на храна и на брисеви од раце на вработени и површини кои доаѓаат во контакт со храна (садови, прибор за јадење, маси за работа со храна).

Од активностите на ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, поврзани со безбедноста на храната, ќе биде изготвена Информација за безбедноста на храната во Општина Виница, а ќе ја разгледува Советот на Општина Виница.

4.Отстранување на цврст отпад и отпадни води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување.

Неправилното отстранување на отпадните материи доведува до појава и ширење на цревни заразни заболувања, особено заразна жолтица тип А. Најзагрозени се децата од ромската населба.

4.1. Отстранување на цврстиот отпад

Организираното отстранување на цврстиот отпад и отпадни води го врши ЈПК „Солидарност” - Виница, во согласност со Законот за управување со отпадот и одредбите од Одлуката за комунален ред на Општина Виница.

Се до профункционирањето на регионалната депонија, потребно е редовно затрупување на новодепонираниот комунален отпад во близина на с.Лески.

4.2. Отстранување на отпадни води

Политиката на интензивен развој, отсуството на современа технологија и затајувањето на контролата на емисионите стандарди ја ставија на втор план еколошката стратегија низ целиот Брегалнички слив. Комуналните и идустриски отпадни води од населените места се вливаат директно во реките, што доведува до енормно загадување на водите од р.Осојница и р. Брегалница.

Емисијата на загадувачки материи ги надминува имисионите квалитети (стандарди) на водата од Брегалница и испитуваната притока.
Според содржината на суспендирани материи р.Осојница припаѓа на 5 класа, а р.Брегалница на 4 класа. Актуелните состојби го лимитираат идниот развој на Виница и околните општини, го кочат развојот на стопанските дејности, риболовот е замрен, а водоснабдувањето на населението во Виница и низводно од Виница бара фабрикување на подземните води.
Член 113 од Законот за води („Сл.весник на РМ 87/2008“) и Директивата 91/271/ЕЕЦ ги задолжува општините да ги пречистат урбаните и биолошко разградивите индустриски отпадни води и што произлегуваат од нивното подрачје.
Со имплементацијата на новиот Закон за води ќе заживее еколошкиот принцип“ Загадувачот плака”.
Затоа, во согласност со проектот “Чиста Брегалница” и општина Виница треба да работи на задничкиот проект со општина Кочани за прочистување на комуналните отпадни води од двете општини.
Претпристапните фондови на ЕУ, Швајцарската влада и бројни други донатори на средства за еколошки проекти го помагаат остварувањето на еколошките одредби во спомнатата легислатива и даваат можност Општина Виница да се промовира како еколошко подрачје. Ова налага во 2022 година Општината и ЈКП “Солидарност” да креираат политика на одржлив развој - рационално да ги користат водените ресурси и да дизајнираат системи за пречистување на отпадните води.
Креирање на политики за:

- реализација на идејните решенија за пречистување на отпадните води од Блатец и Трсино, како населби кои гравитираат према р.Осојница,
- раздвојување на атмосверската од фекалната канализација, како услов за порационално пречистување на комуналните отпадни води,
- реализација на задничкиот проект на општините Виница и Кочани за прочистување на комуналните и индустриски отпадни води од двата града и околните села.

5.Обезбедување на хигиено-технички услови пред училишни установи.

5.1. Децата од предшколска возраст се ризична популација на заболувања, вклучувајки ги и заразните заболувања. Затоа, во 2022 година, ќе продолжи надзорот над градинките и училиштата од санитарниот инспектор и лекари од Центарот за јавно здравје.

6.Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД)

Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи, во објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, станици за патнички сообракај, канализации, депонии и друго.

6.1. Превентивна дезинфекција

Јавните установи, ЈКП„Солидарност“ и субјектите кои работат со храна, согласно Законот, на секои 6 месеци ќе вршат превентивна дезинфекција, во соработка со овластена установа.

6.2. Превентивна дезинсекција

6.2.1.Превентивна дезинсекција од летечки и лазечки инсекти ќе спроведуваат во летниот и есенски период сите објекти за храна, со примена на ХАЦЦП мерките на претпазливост.
6.2.2.Актуелната закана од западнонилска треска, која во Грција е ендемски застапена, во 2022 има можност да се пренесе и во Македонија, а како превентивна мерка за спречување на ширењето на ова сериозна болест, како и за заштита од пренесување на маларија и сведување на толерантно ниво на непријатноста од наездата на комарците Општина Виница се предлага да се спроведе најмалку две авионски третирања и 4 теристички прскања со водно растворливиот препарат делтаметрин или соодветно понов инсектицид. Авионското прскање се планира за втората половина на мај и јуни со опфат на најмалку 1 000 хектари. Теристичките прскања ќе се спроведат на крајот на мај, средината на јули, август и септември со опфат од по 200 хектари, во населените места од полскиот и ридскиот дел на општината.
За порационална општа дезинсекција, во втората половина на јуни се планира со авионско третирање на комарците да бидат опфатени и соседните општини: Кочани,

Зрновци, Чешиново-Облешево, Македонска Каменица, Карбинции Штип.
Доколку постои согласност и општините од Малешевско-пијанечкиот крај можат да бидат опфатени со авионското прскање, планирано за втората половина на јуни.

6.3. Превентивна дератизација

6.3.1.Во врска со член 42 од Законот Општина Виница ке спроведе општата дератизација, во Февруари и во Ноември 2020 година, со 300 кг. кумарински препарат и тоа:

- Третирање на градската депонија кај с. Лески, со 20 кг. на кумарински мамци и
- Третирање на канализационите системи во Виница, Блатец, Истибања, Јакимово и Градец, со130 кг на кумарински мамци.

6.3.2.Согласно Законот за заштита од заразни болести и Законот за безбедност на храната, правните лица кои работат со храна ќе спроведуваат континуирана дератизација, за да ја заштитат храната од загадување.

7.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето

За заштита и унапредување на здравјето на населението секојдневно ке се врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување.
Редовно ќе се едуцира младото население за унапредување на сексуалното здравје.
Во зависност од случувањата ќе се спроведуваат и тестирања на малигни заболувања во цревниот тракт и заразеност од заразна жолтица, бруцелоза, СИДА и други заразни заболувања.

АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ШТО ЌЕ ГИ ФИНАСИРА ОПШТИНАТА

1.2. Следење на безбедноста на водите за пиење од селските водоводи на Градец, Лески, Трсино, Трстија, Драгобраште, Крушево, Пеклани, Лаки, Липец, Истибања, Калиманции 2 маали во Кршла(12Х4 мостри = 48)
48мостри * 2 000ден. = 96 000ден.

6.2.2. Третирање на комарци во Општина Виница
Авионско третирање на комарци во Општина Виница = 640 000 ден.
Четири теристички третирања на комарци во населените места = 320 000 ден.

6.3.1.Општа дератизација на градската депонија и канализациите во Виница, Блатец, Градец, Истибања и Јакимово 300 кг. препарат * 600ден = 180.000 ден.

Вид на активности	Цена по активност во денари
Води за пиење	96 000
Општа дератизација	180 000
Уништување на комарци	960 000
ВКУПНО	**1236000**

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1068
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

102

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ФА „Китка“ - с.Истибања и одобрување финансиски средства за реализирање на Програмата во 2022 година

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за работа на ФА „Китка“ - с.Истибања и одобрување финансиски средства за реализирање на Програмата во 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1069/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

За усвојување на Програма за работа на ФА „Китка“ - с.Истибања и одобрување финансиски средства за реализирање на Програмата во 2022 година

Член 1

Се усвојува Програмата за работа на ФА „Китка“ -с.Истибања во 2022 година.

Член 2

За реализирање на Програмата на ФА „Китка“ - с.Истибања во 2022 година, се одобруваат финансиски средства во висина од 500.000,00 денари.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1069
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

103

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука на усвојување на Програма за 37-миот ЦИОФФ Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“ 9-15 септември 2022 година и одобрување финансиски средства за реализирање на Програмата во 2022 година

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за 37-миот ЦИОФФ Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“ 9-15 септември 2022 година и одобрување финансиски средства за реализирање на Програмата во 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1070/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

За усвојување на Програма за 37-миот ЦИОФФ Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“ 9-15 септември 2022 година и одобрување финансиски средства за реализирање на Програмата во 2022 година

Член 1

Се усвојува Програмата за 37-миот ЦИОФФ Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“ 9-15 септември 2022 година.

Член 2

За реализирање на Програмата за 37-миот ЦИОФФ Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“ 9-15 септември 2022 година, се одобруваат финансиски средства во висина од 500.000,00 денари.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1070
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

104

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на Меморијален турнир во мал фудбал „Капетан Кирчо Димитриов“ за 2022 година

1.Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за реализација на Меморијален турнир во мал фудбал „Капетан Кирчо Димитриов“ за 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1071/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а по Барање број 09-892 од 19.11.2021 година, Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

За одобрување на финансиски средства за реализација на Меморијален турнир во мал фудбал „Капетан Кирчо Димитриов“ за 2022 година

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од 60.000,00 денари, за реализација на Меморијален турнир во мал фудбал „Капетан Кирчо Димитриов“ за 2022 година, кој ќе се организира во периодот мај/јуни 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1071
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

105

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ФК СЛОГА 1934 Виница во 2022 година (Сезона Пролет/Есен)

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на ФК СЛОГА 1934 Виница во 2022 година (Сезона Пролет/Есен), донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1072/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а по Барање број 1934/26-21 од 03.12.2021 год., Наш број 05-221/12 од 03.12.2021 година, Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

За одобрување финансиски средства на ФК СЛОГА 1934 Виница во 2022 година (Сезона Пролет/Есен)

Член 1

На ФК СЛОГА 1934 Виница, се одобруваат финансиски средства во висина од 2.000.000,00 денари, за реализирање на активности во 2022 година (Сезона Пролет/Есен).

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1072
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

106

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за За давање Согласност за користење на грбот на општина Виница во амблемот на ФК СЛОГА-1934 Виница

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност за користење на грбот на општина Виница во амблемот на ФК СЛОГА-1934 Виница, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1073/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 9 став 2 од Законот за Здруженија и фондации („Сл.весник на РМ број 52/2010, 135/2011 и 55/2016“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а по Барање број 1934/35-21 од 20.12.2021 година, Наш број 09-1023 од 20.12.2021 година, Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

За давање Согласност за користење на грбот на општина Виница во амблемот на ФК СЛОГА-1934 Виница

Член 1

Се дава Согласност за користење на грбот на општина Виница во изработка на новиот амблем на ФК СЛОГА-1934 Виница.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1073
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

107

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Кошаркарскиот клуб „Славчо Стојменски“ Албатроси - Виница во натпреварувачката 2021/2022 година

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Кошаркарскиот клуб „Славчо Стојменски“ Албатроси - Виница во натпреварувачката 2021/2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1074/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а по Барање број 05-221/9 од 02.12.2021 година, Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

За одобрување финансиски средства на Кошаркарскиот клуб „Славчо Стојменски“ Албатроси – Виница во натпреварувачката 2021/2022 година

Член 1

На Кошаркарскиот клуб „Славчо Стојменски“ Албатроси - Виница, се одобруваат финансиски средства во висина од 40.000,00 денари во натпреварувачката 2021/2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1074
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

108

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Клуб за боречки вештини „Лидер-Дуке“ - Виница за 2022 година

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Здружение Клуб за боречки вештини „Лидер-Дуке“ - Виница за 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1075/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а по Барање број 05-221/2 од 30.11.2021 година, Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

За одобрување финансиски средства на Здружение Клуб за боречки вештини „Лидер-Дуке“- Виница за 2022 година

Член 1

На Здружението - Клуб за борешки вештини „Лидер-Дуке“ - Виница, се одобруваат финансиски средства во висина од 80.000,00 денари, за реализирање на активности во 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1075
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

109

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение за планински спортови „Чупино“-Виница, за организирање и спроведување на Меѓународни трки во планинско трчање во 2022 година

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски финансиски средства на Здружение за планински спортови „Чупино“-Виница, за организирање и спроведување на Меѓународни трки во планинско трчање во 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1076/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019), а по Барање број 05-221/16 од 03.12.2021 година, Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

За одобрување финансиски средства на Здружение за планински спортови „Чупино“-Виница, за организирање и спроведување на Меѓународни трки во планинско трчање во 2022 година

Член 1

На Здружението за планински спортови „Чупино“-Виница, се одобруваат финансиски средства во висина од 80.000,00 денари, за организирање и спроведување на Меѓународни трки во планинско трчање во 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1076
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

110

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Спортско, Риболовен, Еколошки клуб „КРАП“ - Виница во 2022 година

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Здружение Спортско, Риболовен, Еколошки клуб „КРАП“ - Виница во 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1077/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а по Барање број 05-221/10 од 02.12.2021 година, Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

За одобрување финансиски средства на Здружение Спортско, Риболовен, Еколошки клуб „КРАП“ - Виница во 2022 година

Член 1

На Здружение Спортско, Риболовен, Еколошки клуб „КРАП“ - Виница, се одобруваат финансиски средства во висина од 45.000,00 денари, за реализирање на активности во 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1077
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски_ __
111

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЛЗ Бел Камен - Виница за 2022 година

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на ЛЗ Бел Камен - Виница за 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1078/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019), а по Барање број 0803-75/1 од 01.12.2021 година, Наш број 05-221/7 од 01.12.2021 година, Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

За одобрување финансиски средства на ЛЗ Бел Камен Виница за 2022 година

Член 1

На ЛЗ Бел Камен Виница-Виница, се одобруваат финансиски средства во висина од 40.000,00 денари, за реализирање на активности во 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1078
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски_ __
112

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Асоцијација за права на деца и младинци со посебни потреби „Ластовица“ - Виница за 2022 година

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Асоцијација за права на деца и младинци со посебни потреби „Ластовица“ - Виница за 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1079/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[1] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,[01] -24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

Член 14

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 404150 – Други надоместоци.

Исплатата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од конто 404110-Надомест за годишен одмор од програма Д0-Градоначалник, Е0-Општинска администрација и Њ0-Противпожарна заштита, врз основа на донесено решение од Градоначалникот.Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 9.000 денари во нето износ.

Член 15

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 16

Средствата утврдени во потпрограма Д0, потставка 413110-Тековни резерви се користат за потребите и задачите на корисниците на буџетот , за кои во буџетот не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.

За користење на средствата од став 1 на овој член на предлог на Градоначалникот одлучува Советот на општината, по исклучок од став 1 на овој член за средствата од став 1 одлучува Градоначалникот но најмногу до износ од 50.000,00 денари.

За искористените средства од резервите Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај.

Член 17

За користење на средствата утврдени во потпрограма А0 и Л0, во поткатегорија 4631-Трансфери до невладини организации и во потпрограма А0 во поткатегорија 4711-Социјална помош, одлучува Советот на Општина Виница.

По исклучок на став 1 од овој член одлучува Градоначалникот на Општина Виница во износ не поголем од 20.000,00 денари.

Член 18

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари.Во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак,посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) ,на вработениот доколку живеел во заедница му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со иста адреса на живеење, што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош).

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Член 19

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 20

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година,
- согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 21

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 22

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

Член 23

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот,како и за уплатени приходи по кои не е настанато правно дејство, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Пренасочување на приходи кои му припаѓаат на општинскиот буџет се врши единствено кога се работи за погрешно уплатени приходи.

Повратот на погрешноили повеќе уплатени односно наплатени приходи и пренасочувањето на приходите се врши со

решение на Градоначалникот, освен во случаи кога надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 24

Буџетот на Општина Виница се извршува од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

Член 25

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница", а ќе се применува од 01 јануари 2022 година.

Број 09-1094
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

128

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02") и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019"), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година

1.Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница".

Број 10-1095/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15 , 154/15, 05/16, 80/16, 127/16,142/16, 2/17,16/17,11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20 и 215/21), Советот на Општина Виница на 4 -та седницата одржана на ден 27.12.2021 година донесе:

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2022 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2022 година.

Број 09-1095
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

129

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02") и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019"), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за давање Согласност на Програма за работа на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале"-Блатец за 2022 година

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност на Програма за работа на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале"-Блатец за 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница".

Број 10-1096/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА
За давање Согласност на Програма за работа на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“-Блатец за 2022 година

Член 1

Се дава Согласност на Програмата за работа на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“-Блатец за 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1096
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

130

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов“ - Виница за 2022 година

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов“ - Виница за 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1097/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА
За усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов“ - Виница за 2022 година

Член 1

Се усвојува Програмата за работа на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов“ - Виница за 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1097
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

131

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ - Виница за 2022 година

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ - Виница за 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1098/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА
За усвојување на Програма за работа на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ - Виница за 2022 година

Член 1

Се усвојува Програмата за работа на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ - Виница за 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1098
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

132

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Локалниот археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница за 2022 година

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Годишна Програма за работа на Локалниот археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница за 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на 27.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1099/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА
За усвојување на Годишна Програма за работа на Локалниот археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница за 2022 година

Член 1

Се усвојува Годишната Програма за работа на Локалниот археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница за 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1099
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

133

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за усвојување на Социјален план на Општина Виница за период 2022 -2025 година

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Социјален план на Општина Виница за период 2022 -2025 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на 27.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1100/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ОДЛУКА
За усвојување на Социјален план на Општина Виница за период 2022 -2025 година

Член 1
Се усвојува Социјалниот план на Општина Виница за период 2022 -2025 година.
Член 2
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1100
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

134

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Програма за остварување на социјална заштита во општина Виница за 2022 година

1.Се објавува Програмата за остварување на социјална заштита во општина Виница за 2022 година, донесена на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на 27.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1101/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 3 и член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021 и 294/2021“), член 22 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
за остварување на социјална заштита во
општина Виница за 2022 година

1.ВОВЕД

Остварувањето на социјалната заштита во општина Виница се заснова на важечката законска регулатива и подзаконските акти во Република Северна Македонија и тоа: Законот за социјална заштита, Програмата за остварување на социјалната заштита, Националата програма за развој на социјалната заштита, Законот за локална самоуправа, Законот за семејство, и други акти, врз основа на кои се утврдува социјалната заштита, специфичните потреби на населението и начинот на остварување на социјалната заштита.

Социјалната заштита на граѓаните општина Виница ја остварува во согласност со начелото на социјална праведност. Таа го воспоставува системот на социјална заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош.

Оваа програма поблиску ги уредува подрачјата на социјалната заштита, специфичните потреби на населението на општина Виница и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита.

Во програмата се применети определбите на Локалната самоуправа со која се имплементираат стратешките приоритети на Општината за тековната година, согласно Буџетот на Општина Виница, но и мерките утврдени со политиката и документите на национално ниво.

Социјалната заштита се утврдува како дејност од јавен интерес и врз основа на Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Северна Македонија бр.5/2002) член 22 точка 7, општините имаат надлежност да ја спроведуваат социјалната заштита во следните области: социјална заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари лица (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување), остварување на социјална грижа за инвалидните лица, слепи лица, деца без родители и родителска грижа, деца со воспитно социјални проблеми, деца со посебни потреби, деца од еднородителски семејства, деца на улица, лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст.Посебна грижа се предвидува на т.н. ранливи групи. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

2.ВИЗИЈА на Годишната програма

Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата дирекно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Приоритетите и мерките на програмата ќе бидат определени врз основа на анализа на состојбите на целокупната сфера на социјалното живеење и идентификуваните проблеми

во неа. Притоа во анализата особено внимание ќе се посвети на проблемите и искуствата со кои се соочуваат различните категории и групи на граѓани.

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјалната заштита, во општина Виница е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на жените, мажите и децата.

Согласно член 2 од Законот за социјална заштита, социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик, во смисла на овој закон, се подразбира:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност),
- ризици на старост и стареење,
- ризици на еднородителско семејство,
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и слично,
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

Категории на лица кои ќе бидат опфатени со оваа Програма кога ќе се најдат во исклучително тешка ситуација се:

- лица со инелектуална и телесна попреченост
- деца без родители и родителска грижа
- деца со посебни потреби
- деца од еднородителски и социјално загрозени семејства
- тешко болни лица
- Лица жртви на семејно насилство и сексуално злоупотребувани деца
- стари лица без семејна грижа
- лица погодени од елементарни непогоди, пожари, поплави и сл.
- лица изложени на социјален ризик.

3.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

Со цел обезбедување на социјалната заштита за ранливите категории на граѓани општина Виница во 2022 година, ќе ги спроведува следните активности:

Цел 1	**Да им се помогне финансиски за задоволување на основните биолошки и социјални потреби на ранливите категории граѓани / социјално загрозените семејства**	
	Активност 1	Финансиска помош за социјално загрозени семејства
	Носители	Општина
	Рокови	Тековно/според доставените Барања до совет
	финансирање	Општина – двапати годишно 1000-3000 денари
	Индикатори за следење на реализацијата	Исплатени финансиски средства на трансакциска сметка
	Активност 2	Еднократна финансиска помош за лекување
	Носители	Општина
	Рокови	Тековно според доставените Барања до совет
	финансирање	Општина - еднократно 3000-6000 денари (потреба од

		хируршка интервенција во странство до 20 000 денари)
	Индикатори за следење на реализацијата	Исплатени финансиски средства на трансакциска сметка
Цел 2	**Ублажување на последиците во случај на настаната елементарна непогода (земјотрес, поплави,пожар...)**	
	Активност	Материјална помош за семејства погодени од елементарна непогода
	Носител	Општина
	Рокови	Тековно /по доставени барања до совет
	финансирање	Помошта ја обезбедува општината во висина до 4.000-10.000 ден.
	Индикатори за следење на реализацијата	Доставени материјали до барателот
Цел 3	**На семејствата во социјален ризик, дечињата од градинка и основните училишта им се обезбедува финансии за новогодишни пакетчиња**	
	Активност	Обезбедување новогодишни пакетчиња
	Носител	Општина
	Рокови	Непосредно пред новогодишните и божиќните празници
	финансирање	Помошта ја обезбедува општината во висина до 60,000 ден.
	Индикатори за следење на реализацијата	Доставени пакетчиња на корисниците

Цел 4	**Обезбедување на финансиска помош за Дневниот центар за реализирање на програмата за социјализација на корисниците во Дневниот Центар**	
	Активност	Реализирање на еднодневни и повеќе дневни екскурзии
	Носител	Општина
	Рокови	Тековно по доставени барања до совет
	финансирање	Помошта ја обезбедува општината во висина до 30,000 ден.
	Индикатори за следење на реализацијата	Доставени материјали до барателот

4.ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

За остварување на секоја мерките на социјална заштита се доставува барање до Советот на Општина Виница со образложение за потребата од помош.

Разгледувањето на поднесените барања од граѓаните (поединечно за секое барање) ќе го врши Комисија за финансии формирана од Страна на Советот на општина Виница.

За секое поединечно барање Советот на општината ќе донесе Одлука.

За секое Барање поединечно средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка.

За остварување на мерката за финансиска помош за социјално загрозени семејства се доставува барање до Советот на општината, во прилог на кое се доставува потврда дека истите се невработени/корисници на социјална помош.Одобрените финасиски средства се исплаќаат на трансакциска сметка на корисникот.

За остварување на мерката за финансиска помош за лица со здравствени проблеми во прилог на барањето до Советот на општината задолжително се доставува и медицинска документација за лекувањето..

4.1.Помош во случај на елементарни непогоди

Општина Виница во делот на социјална заштита предвидува можност за помош во материјал за обнова на опожарени куќи, поплавени куќи или штета настаната од друг вид на елементарна непогода. Често се случува овој вид на помош да им е потребна на семејства кои живеат во тешки супстандардни услови и семејства кои имаат деца со посебни потреби.

Активностите во случај на елементарна непогода се состојат во:

-Поддршка на програми и активности за кризна интервенција за брзо и ефикасно дејствување во случај на непогоди

4.2.Организирање на хуманитарни акции

За потребите на маргинализираните групи: лицата со посебни потреби, старите и изнемоштени лица, како и семејства со социјален ризик, Општината ќе организира собирни акции во облека и обувки, училишни помагала, средства за хигиена и друго, а за тешко болните лица во соработка со Центарот за социјални работи ќе посредува за добивање на парична помош.

За овие акции општината ќе го вклучи Црвенио крст и други невладини организации кои можат да помогнат во организирањето на хуманитарните акции.

4.3.Финансиска поддршка на социјално загрозени семејства и поединци

За реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поедници ќе се финансираат: Оганизацијата на Црвен крст, Здруженија на лица со хендикеп и други здруженија кои остваруваат активности од областа на социјалната и здравствената заштита на територијата на Општина Виница, за потребите на маргинализирани групи како: лица со посебни потреби, лица корисници на социјална помош и слично.

За секое поединечно барање Советот на општината ќе донесе Одлука.

Зголеменото учество на старото население во севкупното население е причина се повеќе да се актуелизира ова прашање, притоа создавајки услови за подобрување на квалитетот и подигање на стандардот за живот на старите лица. Општина Виница активно работи на:

-Вклучување на пензионерите во акции и активности од поширок општествен интерес и значење и искористување на културниот и професионалниот ресурс кој можат да го понудат;

- поддршка на програми за збогатување на формите на активирање на пензионерите преку културно - забавни, рекреативно - спортки, едукативно - здравствени и други активности.

5.ФИНАНСИРАЊЕ

Финасиските средства кои се потребни за реализација на Програмата за социјална заштита во општина Виница ќе се обезбедат од Буџетот на општина Виница во 2022 година.

Обезбедени се финансиски средства за кои ќе ги користат категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка финансиска состојба и во специфични услови и тоа:

1. Здружение на лица со интелектуална или телесна попреченост…….40.000,00 денари
2. Асоцијација за права на деца и млади со ПОП Ластовица 35.000,00денари
3. Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака“……...75.000,00 денари

4. Лица односно семејства кои се нашле во положба на социјална односно материјална загрозеност.....1.000,00 до 3.000,00 денари
5. Лица погодени од елементарни непогоди, пожари и друго.....4.000,00-10.000,00 денари
6. Лица од семејства кои имаат потреба од подолготрајно болничко лекување, а се социјално загрозени во висина од 3.000,00 – 6.000,00денари (потреба од хируршка интервенција во странство од 5.000,00 до 20 000 денари)
7. Деца без родители и родителска грижа и деца со пречки во менталниот или телесниот развој во висина од 2.000,00 до 5.000,00 денари

За секое Барање поединечно средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка на барателот, а за точките од 4 до 7 се постапува според правилник за утврдување на критериумите, условите, постапките и висината за доделување на финансиска помош.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 09-1101
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

134

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за разгледување на Информација за спроведување на есенската сеидба на подрачјето на општина Виница во 2021 година

1.Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за спроведување на есенската сеидба на подрачјето на општина Виница во 2021 година, донесен на 4-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.12.2021 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1102/2
27.12.2021 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 27.12.2021 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК

За разгледување на Информација за спроведување на есенската сеидба на подрачјето на општина Виница во 2021 година

1.Советот на општина Виница ја разгледа Информацијата за спроведување на есенската сеидба на подрачјето на општина Виница во 2021 година.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1102
27.12.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

136

Содржина

1.....Заклучок за повлекување на 53-та и 54-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
2.....Програма за работа на Советот на општина Виница за 2022 година.
Решение за објавување.
17.....Заклучок за усвпјување на Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и патишта во општина Виница во 2021 година.
Решение за објавување.
18.....Одлука за пристапување кон изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план (Урбанистички план вон населено место) на КП бр.2252,2254,2255,2256 и 2257, за градби со намена Б2-Големи единици за трговија (над 200м2 и/или повеќеод П+1 кат), КО Истибања, Општина Виница.
Решение за објавување.
19.....Програма за уредување на градежно земјиште, улици и патишта во општина Виница за 2022г.
Решение за објавување.
29.....Решение за престанок на мандатот на членови на Училишен одбор на СОУ „Ванчо Прке“- Виница.
Решение за објавување.
29.....Решение за разрешување член на Училишен одбор на СОУ „Ванчо Прке“- Виница.
Решение за објавување.
30.....Решение за именување членови на Училишен одбор на СОУ „Ванчо Прке“- Виница.
Решение за објавување.
31.....Решение за престанок на мандатот на член на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“- Виница.
Решение за објавување.
31.....Решение за именување член на Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“- Виница.
Решение за објавување.
32.....Решение за престанок на мандатот на Управен одбор на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов“- Виница.
Решение за објавување.
32.....Решение за именување членови на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов“- Виница.
Решение за објавување.
33.....Решение за престанок на мандатот на членови на Управен одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“- Виница.
Решение за објавување.

33.....Решение за именување членови на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“- Виница.
Решение за објавување.
34.....Решение за престанок на мандатот на член на Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Гоце Делчев“- Виница.
Решение за објавување.
35.....Решение за именување член на Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Гоце Делчев“- Виница.
Решение за објавување.
35.....Решение за престанок на мандатот на членови и разрешување на член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“- Виница.
Решение за објавување.
36.....Решение за именување членови на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ Виница.
Решение за објавување.
36.....Решение за престанок на мандатот на член на надзорен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“- Виница.
Решение за објавување.
37.....Решение за именување членови на Надзорен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ Виница.
Решение за објавување.
38.....Решение за именување членови на Управен одбор на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“- с.Блатец, Виница.
Решение за објавување.
38.....Решение за именување членови на Надзорен одбор на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“- с.Блатец, Виница.
Решение за објавување.
39.....Решение за престанок на мандатот на членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом – Виница.
Решение за објавување.
39.....Решение за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом – Виница.
Решение за објавување.
40.....Решение за формирање на Локален Совет за Превенција.
Решение за објавување.
41.....Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи.
Решение за објавување.
42.....Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година (стручен елаборат).
Решение за објавување.
47.....Одлука за усвојување на Програма за работа на ФА „Китка“- с.Истибања и одобрување финансиски средства за реализирање на Програмата во 2022 година.
Решение за објавување.
47.....Одлука за усвојување на Програма за 37-миот ЦИОФФ Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“ 9-15 септември 2022 годинаи одобрување финансиски средства за реализирање на Програмата во 2022 година.
Решение за објавување.
48.....Одлука за усвојување на финансиски средства за реализација на Меморијален турнир во мал фудбал „Капетан Кирчо Димитриов“ за 2022г.
Решение за објавување.
48.....Одлука за одобрување финансиски средства на ФК СЛОГА 1934 Виница во 2022 година (Сезона Пролет/Есен).
Решение за објавување.
49.....Одлука за давање Согласност за користење на грбот на општина Виница во амблемот на ФК СЛОГА-1934 Виница.
Решение за објавување.
50.....Одлука за одобрување финансиски средства на Кошаркарскиот клуб „Славчо Стојменски“ Албатроси-Виница во натпреварувачката 2021/2022 година.
Решение за објавување.
50.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Клуб за боречки вештини „Лидер-Дуке“- Виница за 2022 година.
Решение за објавување.
51.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение за планински спортови „Чупино“- Виница, за организирање и спроведување на Меѓународни трки во планинско трчање во 2022 година.
Решение за објавување.
51.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Спортско, Риболовен, Еколошки клуб „КРАП“- Виница во 2022 година.
Решение за објавување.
52.....Одлука за одобрување финансиски средства на ЛЗ Бел Камен Виница за 2022 година.
Решение за објавување.
53.....Одлука за одобрување финансиски средства на Асоцијација за права на деца и младинци со посебни потреби „Ластовица“- Виница за 2022г.
Решение за објавување.
53.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружението „Иницијатива на невработени интелектуалци“- Виница и одобрување финансиски средства за 2022 година.
Решение за објавување.
54.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Регионална занаетчиска комора Виница и одобрување финансиски средства за 2022 год.
Решение за објавување.
54.....Одлука за усвојување на Програма за работа на ОО на Црвен крст-Виница за 2022 година.
Решение за објавување.
55.....Одлука за одобрување финансиски средства на ОО на Црвен крст-Виница за 2022 година.
Решение за објавување.

56.....Одлука за усвојување на Програма за работа на „Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Блатец и одобрување финансиски средства за 2022 година. Решение за објавување.

56.....Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОО на СБМ-Виница и одобрување финансиски средства за 2022 година. Решение за објавување.

57.....Одлука за неприфаќање на Предлози од Институт за истражување и анализа на политики Ромалитико, Скопје за 2022 година. Решение за објавување.

57.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Центар за подршка на лица со интелектуална попреченост „ПОРАКА“- Виница и одобрување финансиски средства за 2022 година.

58.....Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Центарот за креативен развој, обука и психо терапија Аспекти-Исток и одобрување финансиски средства за 2022 година. Решение за објавување.

59.....Одлука за усвојување на Годишна Програма за здрава животна средина во општина Виница на Здружение Грин-Орг-Кочани и одобрување финансиски средства за 2022 година. Решение за објавување.

59.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение за Параглајдинг и Планински спортови ИСТОЧНИ КРИЛА-Виница за2022г. Решение за објавување.

60.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение на пензионери-Виница за 2022 год. Решение за објавување.

61.....Одлука усвојување на Програма за работа на Меѓуопштинско Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“- Кочани и одобрување финансиски средства за 2022 год. Решение за објавување.

62.....Буџет на Општина Виница за 2022 година. Решение за објавување.

101....Одлука за извршување на Буџетот на Општина Виница за 2022 година. Решение за објавување.

105.....Одлука за утврдување на вредност на бодот за за платите на државните службеници за 2022г. Решение за објавување.

106.....Одлука за давање Согласност на Програма за работа на ЈП за комунално-происводни и услужни работи „Кале“- Блатец за 2022 година. Решение за објавување.

106.....Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов“-Виница. Решение за објавување.

107.....Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“- Виница за 2022 година. Решение за објавување.

107.....Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Локалниот археолошки и историски Музеј „Теракота“- Виница за 2022 година. Решение за објавување.

108.....Одлука за усвојување на Социјален план на Општина Виница за период 2022-2025 година. Решение за објавување.

109.....Програма за остварување на социјална заштита во општина Виница за 2022 година. Решение за об јавување.

114.....Заклучок за разгледување на Информација за спроведување на есенската сеидба на подрачјето на општина Виница во 2021 година. Решение за објавување.